Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 40 став 4 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 151/14, 192/15, 215/15, 33/15, 6/16, 53/16 и 189/16), како и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по барањето за продолжување на времена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр.12-85/17 од 16.03.2018 година на Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, на ден 21.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Времената лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија на Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, издадена со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија УП1 бр.12-85/17 од 01.09.2017 година, (Службен весник на Република Македонија бр.123/17) се продолжува за период од 6 месеци. За таа цел во Прилог 1, во точка 5 датумот на важење на лиценцата се менува и гласи „01.09.2018 година".

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага извршувањето на истата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Барање УП1 бр.12-85/17 од 16.03.2018 година за продолжување на периодот на важење на времената лиценца за производство на електрична енергија, од обновливи извори на енергија, МХЕЦ „Конска" со реф. бр. 184 за изграден објект без употребна дозвола. Имено, Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, согласно член 40 став 4 од Законот за енергетика и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, побара продолжување на рокот за пробна работа и за испитување на опремата.

Во прилог на барањето Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, ја достави следната документација:
- Преглед на барањето за давање под долготраен закуп на градежно земјиште со моментален статус од Агенцијата за катастар на недвижности;
- Одлуката за издавање на времената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија;
- БЛ – образец за продолжување на рокот на времената лиценца;
- Изјава за веродостојност на податоците и документацијата;
- Доказ за платен надоместок за продолжување на времената лиценца.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 47 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности донесе Заклучок за отпочнување на постапка за продолжување на лиценца и уредност на барањето, со кој утврди дека не е потребно доставување на дополнителна документација од онаа што е доставена во прилог кон барањето, дека документација е доставена на пропишан начин и форма и дека Регулаторната комисија за енергетика ќе пристапи кон издавање на Одлука за продолжување на времената лиценца за период од 6 месеци.

Откако Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, ќе достави Употребна дозвола, Регулаторната комисија за енергетика согласно член 39 став 2 од Законот за енергетика ќе издаде Одлука за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија за МХЕЦ „Конска“ со реф. бр. 184 со која ќе може постојано и непречено да произведува електрична енергија и истата да ја предава во електродистрибутивниот систем при тоа не правејќи никакви оштетувања и негативни влијанија врз истиот.

Врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 21.03.2018 година, одржа редовна седница на која што донесе Одлука за продолжување на времената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроелектрана МХЕЦ „Конска“ со реф. бр. 184 за изграден објект кој нема употребна дозвола, на Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-85/17**
**21.03.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**